фармацевтите и другите дипломирани стручњаци од подрачјата на биомедицинските, здравствените, економските и правните науки. Програмата за специјалистички студии од областа здравствен менаџмент и фармакоекономија има мултидисциплинарен пристап и истата се темели на современите научни и стручни познавања од областа на здравствениот менаџмент, рационалниот фармацевтски менаџмент, фармакоекономија, снабдување со лекови, менаџирање на терапија со лекови, здравствен информативен менаџмент, фармацевтска грижа, финансирање и одржливост на здравствени системи, менаџерски принципи на здравствени професии и дополнителни познавања од дисциплините фармаковигиланца, интелектуална сопственост и фармацевтско право, заштита на права на пациентите, етика и здравствена дејност, комуникциски вештини. Основната цел која треба да се постигне со програмата е да се едуцира квалификуван кадар според современите барања и европски теркови во едукацијата од областа фармакоекономија и здравствен менаџмент. Високо специјализираниот кадар ќе поседува теоретски и практични сознанија за менаџирање на здравствени системи, успешен фармацевтски маркетинг, современите пристапи во менаџирање на терапијата со лекови, примена на современите информативни технологии во здравствените ситеми, управување со здравствените информации, прилагодување и адаптирање на нови здравствени технологии, изготвување и евалуирање на соодветни фармакоекономски студии и анализи, донесување на одлуки во здравствените системи базирани на соодветни фармакоекономски студии и анализи, методологии на одредување на цените на лековите, спроведување на политики на снабдување со лекови, селекција на лекови, дистрибуција на лековите, контролата и планирањето на залихите, рационалната употреба на лековите како и пристап во комуникацијата со здравствени работници и пациенти, соодветни преговарачки вештини и теоретски и практични сознанија поврзани со интелектуалната сопственост во здравствената дејност, правата на пациентите и соодветното законодавство кое ја регулира здравствената дејност во Република Македонија и усогласеност со регулативата во Европската Унија. Вака едуциран кадар може да изведува различни функции, на почетокот од проектни раководители, раководители на тимови а потоа и до директорски позиции во секторите за здравствен и фармацевтски менаџмент, фармакоекономија, фармацевтски маркетинг,менаџирање со здравствени информации, прифаќање и адаптирање на здравствени технологии. Специјалистите по здравствен менаџмент и фармакоекономија според својата студиска програма проучуваат практично согледување на современите менаџерски принципи во здравствената дејност, задачите одговорнстите и вештините кои треба да ги поседува менаџерите во здравствените системи, фармакоекономските студии и анализи, методите на одлучување. Севкупното разбирање на современите фармакоекономски студии и анализи ги прави способни за учество во тимовите кои одлучуваат за прифаќање и адаптирање на нови здравствени технологии . Се очекува, лицата со звање специјалист по здравствен менаџмент и фармакоекономија да се стекнат со обемни сознанија за: (1) менаџерски вештини за успешно управување со процесите во здравствените системи, теоретски и практични сознанија за технологиите и процесите на пружање на здравствени услуги (2) продажни и маркетинг практики, ограничувања и промоција во фармацевтската пракса, развој на нови производи и лиценцирање, менаџмент на информации за лекови, фармаковигиланца и фармакоепидемиологија, (3) методи и студии за следење на потрошувачката на лекови, фармакоекономски студии, евалуација на фармакоекономски податоци, идентификување и критичка процена на различните пристапи и податоци поврзани со исходот од терапијата, (4) критериуми за селекција на лековите и медицински помагала,изготвување на тераписки водичи и формулари и квантификација на потребите за лекови и медицински помагала, запознавање со концептот на управување со дистрибуцијата на лекови преку управување водено од квалитетот каде што основните елементи се дефинирани со упатството наречено “добра дистрибутивна пракса”, евалуација на фармакоекономски податоци, анализа на трошоците и мониторирање на залихите, правна рамка која го регулира снабдувањето со лековите (5) прибирање, обработување, класифицирање, кодирање и користење на податоците во здравството и улогата на податоците во донесување на одлуки, одговорностите на здравствените професионалци во складирање, употреба, зачувување и уништување на здравствените досиеа во печатена и електронска форма, централната улога на здравствени

информации во менаџирање со квалитетот и подобрување на ефикасноста на здравствените системи, планирање и управување со ресурси, менаџирање со ризикот и истражување. Со тоа, тие ќе стекнат: знаења и компетенции за успешно справување со секојдневните обврски и проблеми со кои се соочуваат менаџерите во здравствениот систем. Исто така, кандидатите се стекнуваат со знаења и вештини за критичко вреднување на стручната литература и континуирана самоедукација со цел задржување на стекнатото ниво на компетентност, за што од особено значење ќе бидат предавањата, проектните задачи, семинарите и дискусиите. Иницијативата за обновување на студиската програма произлегува од новите сознанија и методолошки единици кои се развиени и се среќаваат во се поголем број на курикулуми за магистерски и специјалистички студии по Здравствен и фармацевтски менаџмент и фармакоекономија на познати Универзитети во регионот, Европа и низ светот како на пример: Академски специјалистичките студии по фармацевтски менаџмент и маркетинг, фармакоекономија и здравствена легислатива на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот во Белград, Последипломски студии по Здравствен менаџмент на Универзитетот во Загреб, мастер студии за интернационална фармакоекономија и здравствен менаџмент на Универзитетот во Кардиф, мастер студии за интернационална фармакоекономија и здравствен менаџмент на Универзитетот во Hochschule Fresenius, Хессен, Германија, последипломски студии по фармакоекономија на Унивезитетот во Аризона,мастер студии по здравствена економија на на Универзитетот на јужна Калифорнија Соединетите Американски Држави итн. Соодветно, програмата пред се е наменета за фармацевтите, но и други дипломирани стручњаци од подрачјата на биомедицинските, здравствените, економските и правните науки кои се вработени или со намера да се вработат на работни места поврзани со фармацевтска пракса, продажба, маркетинг, регулаторни и инспекциски служби, истражувачки институции, претставништва на фармацевтски компании, консултантски и маркетинг агенции, како и работни места, давање на информации за лековите, учество во предклинички и клинички испитувања, регистрација на лекови и слично. Оваа проблематика не е вклучена во доволен обем во постоечкиот курикулум за интегрирани студии од прв и втор циклус на Фармацевтскиот факултет за стекнување со звањето магистер по фармација. Здравствениот менаџмент и фармакоекономија е вклучена во програмата од трет циклус за стекнување со звањето доктор на науки на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Специфичноста и комплексноста на проблематиката, динамиката со која таа се менува и потребите за стручно усовршен кадар кој досега ваквиот тип на студии го завршуваше на другите универзитети во Европа, условија создавање на курикулум за магистерски и специјалистички студии кој ќе се темели на предмети со богата содржина и флексибилност, соодветен на интересите на учесниците и подеднакво расположлив и за лицата кои се вработени и за лицата кои покажуваат интерес за развој на професионална кариера во ова подрачје.

4. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри

Програмата на специјалистички студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија, има за цел да обезбеди професионален кадар кој поседува знаења според современите барања и европски теркови во едукацијата од областа фармакоекономија и здравствен менаџмент.

Лицата со звање специјалист по здравствен менаџмент и фармакоекономија стекнуваат вештини за успешно управување со процесите во здравствените системи и пружање на здравствени услуги, продажни и маркетинг практики, следење на потрошувачката на лекови, фармакоекономски студии, евалуација на фармакоекономски податоци, концептот на управување со дистрибуцијата на лекови евалуација на фармакоекономски податоци, анализа на трошоците и мониторирање на залихите, правна рамка како барање на општествената потреба пред се во здравствениот сектор.

Преку програмата се доаѓа до нови сознанија и методолошки единици кои се развиени и се среќаваат во се поголем број на курикулуми за магистерски и специјалистички студии по здравствен и фармацевтски менаџмент и фармакоекономија на познати Универзитети во регионот, Европа и низ светот.

Специфичноста и комплексноста на проблематиката, динамиката со која таа се менува и потребите да се следат промените во меѓународни рамки од една страна, како и растечката потреба за високо специјализиран кадар од друга страна, условија создавање на флексибилен курикулум за специјалистички студии што се темели на курсеви со богата содржина и е соодветен на општествените интереси.

5. Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации, студиска програма Магистер по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет - Скопје согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации		Високо образование	Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации
VII	Б	Стручни студии	7

6. Цели на студиска програма и резултати од учење кои означуваат успешно завршување на вториот циклус на студии (60 ЕКТС) и се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

6.а. Општи дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ЕКТС, за студиската програма поднесена за реакредитација, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис

Знаење и разбирање	Покажува знаење и разбирање, кое се надоградува врз додипломското образование од прв циклус и или 1 и 2 циклус од областа на регулираните професии, на материјата поврзана со здравствениот менаџмент и фармакоекономијата применувајќи методологии за решавање на сложени проблеми на систематски и креативен начин што дава основи и оргиналност во развивањето и примената на автономни идеи за време на студирањето како и понатаму на полето на професионалните активности. Покажува знаење и разбирање за основите на економијата, да практикува менаџерски, финансиски, организационен и информативен менаџмент во здравствени системи, менаџмент на ризик, да планира и креира бизнис план, да креира продажни и маркетинг практики, применува методи за формирање на цени на фармацевтски производи, за следење на потрошувачката на лекови, фармакоекономските студии и анализи, фармакоепидемиолошки студии, вештини за квалитетна практика за преговарање, комуникациски вештини, принципите на активно слушање и презентирање. Покажува сеопфатни знаења за правата од интелектуална сопственост, принципите на здравствена заштита во пракса во зависност од законите и етичките доктрини на медицинските институции и критичко разбирање на доктрините кои се применуваат за заштита на правата на пациентите кои учествуваат во клинички студии во зависност од возрасната група на популацијата, нивната ментална состојба и прашања по живото опасни состојби.
Примена на знаењето и разбирањето	Применува знаење и разбирање базирано на доказ во полето на фармакоекономија и менаџирање со системот на здравствена заштита, менаџмент на ризик, обезбедува релевантни информации за употребата на лековите во рамки на ограничувачките фактори како што се постојните финансиски ресурси и потенцијалните нови извори на финансирање на набавките. Дава насоки за прифаќање и адаптирање на современи здравствени технологии и имплементација, евалуација и развој на концептот на фармацевтската грижа во здравствениот систем
Способност за проценка	Покажува способност за прибирање, анализирање, оценка и презентирање на фармакоекономски податоци. Покажува способност да користи вештини за анализа и споредба на различни терапии, соодветни вештини за спроведување на ефикасен организационен менаџмент Покажува способност да ги следи легалните, етичките, професионалните и организационите политики/процедури и кодекси и, кога е потребно да превзема активност базирана на сопствено толкување на широкиот опфат на професионални политики/процедури
Комуникациски вештини	Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка со менаџментот на организацијата, колеги и професионалци чија обука широко варира во полето на природните, биомедицинските, биотехнолошките науки, економските науки и пракса. Покажува способност за професионална комуникација каде контекстот на дискусијата и критериумите за одлука и обемот на задачи се или јасно дефинирани или базирани на мислење. Покажува способност за независно учество во специфични интердисциплинарни дискусии за практични и научни аспекти од фармакоекономија и здравствен менаџмент, со професионален пристап. Прифаќа и консултации за совет и поделена одговорност во тимот. Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка но и едукација со индивидуални пациенти, групи на пациенти.

Вештини на учење	Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и континуирано учење со висок степен на независност. Следи тековна научна литература и поседува вештини за соодветна критична евалуација на истата во насока на усовршување во потесната дејност. Дизајнира стратегија и планови за промоција на личниот професионален развој и учествува во активности за учење, оценувајќи ја соодветноста на методите за учење, нивното влијание врз знаењето, вештините, компетентноста и праксата со висок степен на независност.

6.б. Специфични дескриптори на квалификации за втор циклус на двегодишни студии со 60 ЕКТС, за студиската програма поднесена за реакредитација, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	Покажува знаење и разбирање за менаџерски, менаџмент на ризик и осигурување преку методологии за решавање на сложени проблеми. Поседува способност да планира и креира бизнис план, маркетинг практики, методи за следење на потрошувачката на лекови, методи за формирање на цени на фармацевтски производи, Фармакоекономски и фармакоепидемиолошки студии и анализи, вештини за квалитетна практика за преговарање, комуникациски вештини како и начелата и принципите на активно слушање и презентирање. Покажува сеопфатни знаења за правата од интелектуална сопственост и вештини за нивна практична апликација во фармацевтската индустрија и администрација поврзана со фармацијата.
Примена на знаењето и разбирањето	Применува знаење и разбирање преку организационен менаџмент, и менаџирање со информации за лекови. Развива и дава решенија за проблеми и аргументи поврзани со терапијата со лекови максимизирајќи ја при тоа трошковата ефикасност на медикаментозниот третман, дава насоки за прифаќање и адаптирање на современи здравствени технологии и имплементација, евалуација и развој на концептот на фармацевтската грижа во здравствениот систем
Способност за проценка	Способност за професионална комуникација за воспоставување на соработка со менаџментот на организацијата, колеги и професионалци со можност за независно учество во специфични интердисциплинарни дискусии за практични и научни аспекти од фармакоекономија и здравствен менаџмент, со професионален пристап. Прифаќа и консултации за совет и поделена одговорност во тимот.
Комуникациски вештини	Способност за надградба и стекнување знаење и континуирано учење со висок степен на независност преку следење на научна литература Поседува вештини за да дизајнира стратегија и планови за промоција на личниот професионален развој.
Вештини на учење	Способност за надградба и стекнување знаење и континуирано учење со висок степен на независност преку следење на научна литература Поседува вештини за да дизајнира стратегија и планови за промоција на личниот професионален развој

7. Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите.

СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Табела 7.1. Распоред на предмети по семестри и години на студии за академски студии (АС)

Реден број	Код на предметот	Назив на предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ПРВА ГОДИНА – ПРВ СЕМЕСТАР						
1	ФФЗМФЕС/01	Основи на економија	1	3	/	4
2	ФФЗМФЕС/02	Легислатива за систем на здравтвена заштита	1	3	/	4
3	ФФЗМФЕС/03	Здравствен менаџмент	1	4	/	5
4	ФФЗМФЕС/04	Фармакоепидемиологија	1	4	/	5
5	ФФЗМФЕС/05	Фармакоекономија 1	1	2	1	4
6	ФФЗМФЕСи/00	Изборен предмет – блок 1	1	3	/	4
7	ФФЗМФЕСи/00	Изборен предмет – блок 2	1	3	/	4
Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за ПРВ СЕМЕСТАР						**30**

Реден број	Код на предметот	Назив на предмет	Семестар	Неделен фонд на часови	ЕКТС

				П	В	
ПРВА ГОДИНА-ВТОР СЕМЕСТАР						
8	ФФЗМФЕС/06	Фармакоекономија 2	2	3	/	4
9	ФФЗМФЕС/07	Проценка на здравствени технологии	2	2	1	4
10	ФФЗМФЕС/08	Менаџмент на ризик	2	3	/	4
11	ФФЗМФЕС и/00	Изборен предмет – блок 3	2	3	/	4
12	ФФЗМФЕС и/00	Изборен предмет – блок 4	2	3	/	4
13	ФФЗМФЕС и/00	Изработка на специјалистички труд	3	/	/	10
Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за ВТОР СЕМЕСТАР						**30**

Табела 7.2. Изборни предмети на студиската програма (во Листата се вклучуваат изборните предмети од студиска програма и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот, согласно член 139 став 9 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија 82/18))

Реден број	Код	Назив на предметот	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС	Од која единица
				П	В		
	ФФЗМФЕСи/00	**БЛОК 1**					
1	ФФЗМФЕСи/09	Евалуација и мерење на перфоманси на здравствени системи	1	3	/	4	ФФ+ЕФ
2	ФФЗМФЕСи/10	Иновативен менаџмент и права на интелектуална сопственост во здравствената дејност	1	3	/	4	ФФ+ПФ
3	ФФЗМФЕСи/11	Менаџмент на осигурување	1	3	/	4	ЕФ
4	ФФЗМФЕСи/12	Дигитален маркетинг и интернет технологии	1	3	/	4	ЕФ
	ФФЗМФЕСи/00	**БЛОК 2**					
5	ФФЗМФЕСи/13	Социоетички детерминанти на здравствена заштита	1	3	/	4	ФФ
6	ФФЗМФЕСи/14	Мерење на пациент репортирани исходи	1	3	/	4	ФФ
7	ФФЗМФЕСи/15	Преглед, евалуација и синтеза на фармакоекономски докази (принципи на фармација и медицина базирани на докази)	1	3	/	4	ФФ
8	ФФЗМФЕСи/16	Планирање и имплементација на здравствени политики	1	3	/	4	ФФ
	ФФЗМФЕСи/00	**БЛОК 3**					
9	ФФЗМФЕСи/17	Иновација на производ	2	3	/	4	ЕФ
10	ФФЗМФЕСи/18	Маркетинг комуникација и брендирање	2	3	/	4	ЕФ
11	ФФЗМФЕСи/19	Напредно ниво на моделирање и примена н афармакоекономски анализи (фармакоекономија 3)	2	2	1	4	ФФ
12	ФФЗМФЕСи/20	Управување со трошоци во фармакоекономиија	2	3	/	4	ЕФ+ФФ
13	ФФЗМФЕСи/21	Финансиски менаџмент	2	3	/	4	ЕФ
14	ФФЗМФЕСи/22	Менаџмент на човечки ресурси	2	3	/	4	ЕФ
	ФФЗМФЕСи/00	**БЛОК 4**					
15	ФФЗМФЕСи/23	Фармакоекономија во фармацевтска индустрија	2	3	/	4	ФФ

16	ФФЗМФЕСи/24	Цени на фармацевтски производии компетитивност на фармацевтски пазари	2	3	/	4	ЕФ+ФФ
17	ФФЗМФЕСи/25	Практична примена на фармакоекономски анализи (во проценка на здравствени технологии)	2	1	2	4	ФФ
18	ФФЗМФЕСи/26	Докази за употреба на лекови во реални услови	2	3	/	4	ФФ
19	ФФЗМФЕСи/27	Процена на исходи на примена на медицински средства	2	3	/	4	ФФ

Табела 7.3. Прозорци на мобилност – наставни предмети кои можат да се реализираат и на англиски јазик согласно член 139 став 10 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18)

	Назив на предмет	**Наставник**	**Година/Семестар**	**ЕКТС**
1.	Здравствен менаџмент	Проф.д-р Зоран Стерјев	прва година/1 семестар	5
2.	Фармакоекономија 1	Проф.д-р Љубица Шутуркова Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска	прва година/1 семестар	4
3.	Фармакоепидемиологија	Проф.д-р Александра Грозданова Проф.д-р Зорица Наумовска	прва година/1 семестар	5
4.	Фармакоекономија 2	Проф.д-р Зоран Стерјев Проф.д-р Љубица Шутуркова Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска	прва година/2 семестар	4
5.	Проценка на здравствени технологии	Проф.д-р Љубица Шутуркова Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска	прва година/2 семестар	4

Табела 7.4. Преглед на застапеност на задолжителните предмети и изборните предмети на студиската програма.

Семестар	**Број на задолжителни предмети**	**Број на изборни предмети**	**Вкупно предмети**
I	5	2	7
II	4	2	6
Вкупно	9	4	13
% застапеност	69,23 %	30,76 %	100 %

Табела 7.5. Преглед на процентуалната застапеност на задолжителните предмети и изборните предмети.

Ред бр	Траење на студиите (години)/ вкупен број на ЕКТС на студиската програма	Вкупна оптовареност изразена преку ЕКТС		Оптоварност за изборни предмети изразена преку ЕКТС	
		А Вкупен број на ЕКТС на студиската програма	А1 Процентуална застапеност на ЕКТС од наставните предмети на студиската програма	**Б** Вкупен број на ЕКТС од изборни наставни предмети	Б1 Процентуална застапеност на ЕКТС од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма
1.	1 година 60 ЕКТС	**60**	**100%**	**16**	**(Б/А)*100=27%**

7.1. Правила и начин на избор на изборни предмети со можност за избор на предмети од други акредитирани студиски програми

Начин на избор на изборни предмети од студиска програма
Студентот избира изборен предмет од студиската програма согласно предвидените семестри во предметната програма.
Начин на избор на изборни предмети од универзитетска листа
/

7.2. Рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма

Предвидените активности од студиската програма треба да се завршат за 1 година односно најдолго во времето што е два пати подолго од пропишаното време за студирање.

8. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 7 (Прилог бр.4) од Правилникот за содржината за студиските програми ("Службен весник на Република Македонија", бр.79/2023) и член 61 став 3 од Закон за високо образование ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/2018)

Табела 8.1 Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време **на Факултетот,** што ќе учествуваат во реализација на студиската програма

Ред бр	**Име и презиме на наставникот**	**да се наведе**		**Назив на предметот** (од Табела 7.1 и 7.2)	**Вкупен број на предмети**	
		звањето во кое е избран и во која научна област	*Областа во која што е докториран*		зимски	летен
1	Љубица Шутуркова	Редовен професор	Фармација	Фармакоекономија 1 Фармакоекономија 2 Проценка на здравствени технологии Евалуација и мерење на перформанси на здравствени системи Практична примена на фармакоекономски анализи во проценка на здравствени технологии	2	3

2	Катерина Анчевска Нетковска	Редовен професор; Социјална фармација	Право	Легислатива за систем на здравтвена заштита Иновативен менаџмент и права на индустриска сопственост во здравствена дејност Социоетички детерминанти на здравствена заштита	3	/
3	Александра Грозданова	Редовен професор Фармацевтска хемија Социјална фармација	Фармација	Фармакоепидемиологија Социоетички детерминанти на здравствена заштита Докази за употреба на лекови во реални услови	2	1
4	Зоран Стерјев	Редовен професор; Фармацевтска хемија, Фармакоинформатика,Социјална фармација	Фармација	Здравствен менаџмент Фармакоекономија 2 Проценка на здравствени технологии Мерење на пациент репортирани исходи Преглед , евалуација и синтеза на фармакоекономски докази Планирање и имплементација на здравствени политики Фармакоекономија 3 Процена на исходи од примена на медицински средства	4	4
5	Јасмина Тоник Рибарска	Редовен професор, Применета хемија и фармацевтски анализи	Фармација	Процена на исходи од примена на медицински средства	/	1
6	Александра Капедановска Несторовска	Вонреден професор; Фармацевтска хемија, Фармакоинформатика	Фармација	Фармакоекономија 1 Фармакоекономија 2 Проценка на здравствени технологии Мерење на пациент репортирани исходи Фармакоекономија 3 Фармакоекономија во фармацевтска индустрија	2	4
7	Зорица Наумовска	Вонреден професор; Фармацевтска хемија, Фармакоинфо	Фармација	Фармакоепидемиологија Евалуација и мерење на перформанси на здравствени системи	4	3

		рматика		Мерење на пациент репортирани исходи Планирање и имплементација на здравствени политики Фармакоекономија во фармацевтска индустрија Цени на фармацевтски производи и компетитивност на фармацевтски пазари Докази за употреба на лекови во реални услови		
8	Сашо Арсов	Редовен професор, Бизнис менаџмент	Економија	Финансиски менаџмент	/	1
9	Анита Циунова-Шулеска	Редовен професор, Маркетинг	Економија	Маркетинг-комуникации и брендирање	/	1
10	Леонид Наков	Редовен професор, Бизнис менаџмент	Економија	Здравствен менаџмент	1	/
11	Предраг Трпески	Редовен професор, Економски науки (економска теорија и применета економија)	Економија	Основи на економијата	1	/
12	Даниела Бојаџиева	Редовен професор, Економска теорија и Применета економија	Економија	Цени на фармацевтски производи и компетитивност на фармацевтски пазари	/	1
13	Игор Ивановски	Вонреден професор, Применета економија; Бизнис менаџмент	Економија	Менаџмент на осигурување	1	/
14	Љупчо Ефтимов	Редовен професор, Бизнис менаџмент	Економија	Евалуација и мерење на перформанси на здравствени системи Менаџмент на човечки ресурси	1	1
15	Ежени Брзовска	Редовен професор, Маркетинг	Економија	Иновација на производ	/	1

16	Марина Трпеска	Редовен професор, Сметководство	Економија	Управување со трошоци во фармакоекономијата	/	1
17	Александар Наумоски	Вонреден професор, Бизнис менаџмент	Економија	Менаџмент на ризик	/	1
18	Димитар Јовевски	Редовен професор	Економија	Дигитален маркетинг и интернет технологии	1	/
19	Јадранка Дабовиќ	Редовен професор	Право	Легислатива за систем на здравтвена заштита Иновативен менаџмент и права на индустриска сопственост во здравствена дејност	2	/
				Вкупно		

Табела 8.2 Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време од други единици на високообразовната установа ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

Ред бр	Име и презиме на наставникот	да се наведе			Назив на предметот (од Табела 7.1 и 7.2)	Вкупен број на предмети што ги предава на единица и студ. програма	
		звањето во кое е избран и во која научна област	*Областа во која што е докториран*	*единица каде работи во редовен работен однос*		зимски	летен
1	Сашо Арсов	Редовен професор, Бизнис менаџмент	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Финансиски менаџмент	/	1
2	Анита Циунова-Шулеска	Редовен професор, Маркетинг	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Маркетинг-комуникации и брендирање	/	1
3	Леонид Наков	Редовен професор, Бизнис менаџмент	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Здравствен менаџмент	1	/
4	Предраг Трпески	Редовен професор, Економски науки (економска теорија и применета економија)	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Основи на економијата	1	/
5	Даниела Бојаџиева	Редовен професор, Економска теорија	Економија	Економски факултет-	Цени на фармацевтск	/	1

		и Применета економија		УКИМ, Скопје	и производи и компетитивност на фармацевтски пазари		
6	Игор Ивановски	Вонреден професор, Применета економија; Бизнис менаџмент	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Менаџмент на осигурување	1	/
7	Љупчо Ефтимов	Редовен професор, Бизнис менаџмент	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Евалуација и мерење на перформанс и на здравствени системи Менаџмент на човечки ресурси	1	1
8	Ежени Брзовска	Редовен професор, Маркетинг	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Иновација на производ	/	1
9	Марина Трпеска	Редовен професор, Сметководство	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Управување со трошоци во фармакоекономијата	/	1
10	Александар Наумоски	Вонреден професор, Бизнис менаџмент	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Менаџмент на ризик	/	1
11	Димитар Јовевски	Редовен професор	Економија	Економски факултет-УКИМ, Скопје	Дигитален маркетинг и интернет технологии	1	/
12	Јадранка Дабовиќ	Редовен професор	Право	Правен факултет-УКИМ, Скопје	Легислатива за систем на здравтвена заштита Иновативен менаџмент и права на индустриска сопственост во здравствена дејност	2	/

Табела 8.3 Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во работен однос во **друга високообразовната установа** или друга институција (приватна или јавна необразовна) ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

Рб		**да се наведе**	**Назив на**		

	Име и презиме на наставникот	*звањето во кое е избран и во која научна област*	*Областа во која што е докторирал*	*институцијата каде има засновано работен однос*	**предметот** (од Табела 7.1 и 7.2)	**Вкупен број на предмети**		**Работен однос**
						зимски	летен	
1	/	/	/	/	/	/	/	/
					Вкупно	/	/	/

Табела 8.4. Број на потребните наставници за реализирање на високообразовна дејност на студиската програма (член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејнсот, "Службен весник на Република Македонија", бр.245/2022)

Ред. бр.	**Наставници вклучени во реализација на студиската програма**	**А**	**Б**	**В**	**Г**	Број на часови по наставник - годишно[1] (Бх15) х Г
		Број на наставни предмети	Вкупен фонд на часови по основ на предмети	Број на студенти за кои се бара акредитација	Големина на групата за предавања и вежби за редовни студенти[2]	
1	Љубица Шутуркова	5	7	30	1	105
2	Катерина Анчевска Нетковска	3	4.5			67.5
3	Александра Грозданова	3	5			75
4	Зоран Стерјев	8	12.5			187.5
5	Јасмина Тониќ Рибарска	1	1.5			22.5
6	Александра Капедановска Несторовска	6	8			120
7	Зорица Наумовска	7	10			150
8	Сашо Арсов	1	3			45
9	Анита Циунова-Шулеска	1	3			45
10	Леонид Наков	1	2			30

[1] Број на недели во еден семестар. Ако предметите се изведуваат во два семестра се запишува 30 недели т.е една академска година.

[2] Големина на групата за предавања и вежби се добива на тој начин што бројот на студенти за кои се бара акредитација се собира во зависност од големината на групата предвидена за предавања и вежби согласно член 35 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност, ("Службен весник на Република Македонија", бр.245/2022) пр. група за предавања – најмногу 100 студенти се смета како една група. Доколку утврдениот број се зголеми за 50% се отвара нова група за предавања и во графата „Г" се запишува 2.

11	Предраг Трпески	1	3			45
12	Даниела Бојациева	1	1.5			22.5
13	Игор Ивановски	1	3			45
14	Љупчо Ефтимов	2	4			60
15	Ежени Брзовска	1	3			45
16	Марина Трпеска	1	3			45
17	Александар Наумоски	1	3			45
18	Димитар Јовевски	1	3			45
19	Јадранка Дабовиќ	2	3			45

9. Список на обезбеден потребен број лица на ненаставен кадар, согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Табела. 9.1. Збирен преглед на ненаставен/административен кадар по звање и работните места на високообразовната установа (факултет односно висока стручна школа)

Ред. број	**Опис на работно место**	**Квалификација**	**Број на лица**
1.	Секретар	ВСС	1
2.	Раководител на одделение за административни работи	ВСС	1
3.	Раководител на одделение за подршка на апликативните центри	ВСС	1
4.	Советник за информациско компјутерски технологии	ВСС	1
5.	Виш соработник за студентски прашања	ВСС	1
6.	Самостоен референт за благајна	ССС	1
7.	Самостоен референт администратор	ССС	1
8.	Виш соработник за човечки ресурси	ВСС	1
9.	Виш соработник за поддршка на центрите	ВСС	1
10.	Соработник за поддршка на центрите	ВСС	2
11.	Самостојни референти во лабораторија	ССС	6
12.	Самостоен референт за деловно работење	ССС	1
13.	Хаусмајстор	ССС	1
14.	Хигиеничари	ОУ	2

Табела 10. Список на простории со површина со кои располага високообразовната установа (факултет односно висока стручна школа)

Р.Б.	**Вид и намена на простор**	**Број**	**Број на места**	**Површина** m^2
1.	Амфитеатар	3	300	281
2.	Предавални	1	50	154
	Компјутерски центар	1	20	40
3.	Лаборатори за стручно-апликативна и за научноистражувачка работа	6	по потреба	230
	Лаборатории за изведба на експериментални вежби	8	240	482
4.	Кабинети за научно-наставниот кадар	20	1 или 2	200
5.	Кабинети за соработнички кадар	2	„океан“ начин на работа	80
6.	Згради и објекти на факултетот	3	/	1470
			Вкупно	3000

11. Листа на опрема и Информатичко – технички ресурси предвидени за реализација на студиската програма Специјалист по здравствен менаџмент и фармакоекономија, на Фармацевтскиот Факултет, УКИМ во Скопје, согласно Прилог 2[3] од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 245/22)

Табела 11.1 Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност.

Ред.Бр.	**Опрема и наставни средства**	**Вид**	**Намена**	**Број**
1.	Лабораториски мебел со дигестори и со потребната инсталација за работа на мерна инструментална опрема		Практична настава, стручноапликативна и научноистражувачка работа	16 лаборатории со 20 дигестори
2.	Помошна лабораториска опрема и материјал	Градуирани чаши, чаши со голем волумен, одмерни стаклени тиквички) од	Практична настава, стручноапликативна и	Поголем број

[3] Секоја високообразовна установа (универзитет, факултет и висока стручна школа) подносител на елаборатот, Табела 10 ја прилагодува зависно од содржина нотирана во Прилог 2 согласно припадноста на единицата кон научно-истражувачко подрачје и поле од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22).

		стакло, мензури, волуметриски тиквички со затворувач, колби, епрувети од стакло, пластични епрувети, саатно стакло, рефлуксен кондензатор по Graham, шишиња за реагенси со стаклени брусени затки, керамички жичен триаголник, вакуум-пумпи, пипетори и дополнителна опрема за пипетори, полици за сушење стакларија, прскалки, вортекси, водени бањи, инки со долго грло, дигитални бирети, држач за епендорфи, авани и толчници, решо, порцелански топчиња, одделителни инки).	научноистражувачка работа	
3.	Апаратура	LC-MS/MS, GC-FID-MS, HPLC аналитички системи, HPLC препаративно-аналитички систем, IR спектрометар; микроскопи; систем за капиларна електрофореза; UV/VIS спектрофотометари, вага аналитичка, ваги обични, pH-метри; водена бања, ултрасонична бања, центрифуга, евапоратор, дестилатори, мелници, UV/Vis комора за TLC анализа Spectroline; апарат за распадливост; апарати за растворливост; сушница, рефрактометар; полариметар; вискозиметар; HPLC Agilent Светлосни микроскопи (20 парчиња), бинокуларни микроскопи (2	Практична настава, стручно-апликативна и научноистражувачка работа	

		парчиња); лабораториски мебел со дигестори и со потребната инсталација за работа на инструменталната опрема; хемикалии, стандарди и друга помошна опрема; хербариум со потребната помошна опрема		

Табела 11.2 Список на **Информатичко – технички ресурси** (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност

Ред.Бр.	Информатичко – технички ресурси	Вид	Намена	Број
1.	Информатички ресурс	Компјутери со интернет пристап	Теоретска и практична настава	90
2.	Информатички ресурс	Компјутерски работни станици со соодветни software-и за предметите	Теоретска и практична настава	10
3.	Информатички ресурс	Интернет приклучоци	Теоретска и практична настава	2
4.	Информатички ресурс	Безжични мрежи	Теоретска и практична настава	8
5.	Технички ресурси	LCD проектори	Теоретска и практична настава	6
6.	Технички ресурси	Скенери	Настава	10
7.	Технички ресурси	Печатачи	Настава	53
8.	Технички ресурси	Електронска платформа за одржување на испити (exam.net)	Евалуација на знаење	1

12. Информација за бројот студенти (прв пат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација

Табела 12.1. Преглед на бројот на студенти кои се запишани (по прв пат) на студиската програма во периодот на последната акредитација и бројот на студенти за кои е добиена акредитација

Академска година		Број на студенти за кои е добиена акредитација	Број на студенти запишани во прва година
1.	2014/2015	30	10
2.	2015/2016	30	2
3.	2016/2017	30	4

4.	2017/2018	30	5
5.	2018/2019	30	3
	Вкупно запишани студенти	120	24

Табела 12.2. Број на студенти за кои е дообиена акредитација или запишани студенти по студиски програми, во рамките на единицата на универзитетот каде припаѓа.

Ред. број	**Назив на студиска програма**	Број на студенти за кои е добиена акредитација	Број на студенти запишани во прва година
1	Прв и втор циклус интегрирани академски студии по фармација	120	90
2	Прв циклус додипломски студии по лабораториско биоинжинерство	60	35
3	Прв циклус додипломски студии по диететика и диетотерапија	50	16
	Докторски студии од научноистражувачко поле фармација	21	4
	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива	15	7
	Специјалистички студии по фитотерапија-хербални лекови и додатоци во исхраната	15	/
	Специјалистички студии по козметологија	15	1
	Специјалистички студии по хомеопатски лекови	15	/
	Специјалистички студии по фармаковигиланца	30	8
	Специјалистички студии по индустриска фармација	22	5
	Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата	15	4
	Магистерски студии по диететика и диетотерапија	15	7
	В к у п н о	393	177

Табела 12.3. Број на студенти кој се бара со (ре)акредитација согласно нето површината со која располага единицата за реализација на студиските програми

А	**Б**	**В**	**Г**
Вкупна површина со која располага единицата во м^2 (Табела 10)	Вкупен број на студенти за кои е добиена акредитација или **запишани** студенти на сите акредитирани студиски програми (Табела 12.2)	**Број на студенти за кој се бара за (ре)акредитација на нова студиска програма**	**Нето површина во м^2 по студент (Б+В)/А=**
3000	177	30	15*

*Нето површината во m^2 по студент на Фармацевтскиот факултет е пресметана како сооднос на вкупната нето површина со која располага факултетот (Табл. 10) и вкупниот број на студенти кои се запишани (табела 12.2) односно = А/(Б+В). Оттука бројот на m^2 / студент ги задоволува барањата според Член 21 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на

високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 245/22) каде нормативите за потребен простор за редовен студент изнесуваат 9,5 m^2 за студиските програми од подрачјето на медицинските науки и здравството.

12.1 Студенти со посебни потреби согласно член 36 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Табела 12.4. Услови кои високообразовната установа треба да ги обезбеди за студентите со посебни потреби.

	Услови	Опис (доколку не постои се остава празно или се нуди планирање)
1.	Непречен пристап до објектот	Пристапна рампа во главната зграда
2	Лифт	Инфраструктурна подготовка за лифт во главната зграда
3	Посебни места во училница	обезбедени
4	Електронски помагала	/

13. Информација за научно-истражувачка и издавачка дејност согласно член 18 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Фармацевтскиот факултет континуирано создава, подготвува и реализира квалитетна реализација на научно-истражувачката дејност преку различни видови програми, како и преку национални и меѓународни проекти. Знаењето што се стекнува преку спроведување на научно-истражувачка работа се вклучува во наставниот процес. Фармацевтскиот факултет постојано поттикнува и обезбедува услови, наставниот кадар активно да се занимава со научноистражувачка работа и да ги објавува резултатите од таа работа.

Издавачката дејност на Факултетот се остварува согласно Одлуката за постапката и организирање на издавачката дејност на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје со која се уредуваат специфичностите во постапката за издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, збирки на задачи, скрипти, практикуми, упатства за вежби, информациони пакети за студентите, годишник-зборник, списанија и друга научно-стручна литература како и електронски изданија од дејноста на Фармацевтски факултет.

Факултетот во областа на издавачка дејност врши: утврдување на потребите од изданија,донесува годишен план за издавање, печатење на изданија, објавување на изданија во електронска форма (електронско издавање), координирање на издавачката дејност на Факултетот, обезбедување финансиски средства за издавачката дејност и други активности поврзани со издавачката дејност.

14. Библиотека и информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература член 37 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Член 37 При уписот во библиотеката секој студент треба да добие упатство за користење на библиотечниот фонд, информатичките и техничките средства достапни во библиотеката и читалната. Бројот на примероци за задолжителна литература е најмалку 10%, а за дополнителната литература најмалку 5% од бројот на студенти кои во моментот посетуваат настава по даденатa предметна програма.

Табела 14.1. Список на задолжителна литература и бројот на примероци

Ред. Бр.	Вид на литература нотирана во Прилог 3	Број на примероци	Електронски формат (Pdf, word и др) [4]
1.	**Задолжителна литература**	**Во печатена форма**	
1	М. Абделахак;С. Горстик; Е. Џејкобс. Здравствени информации- Проект на Влада на РМ. 2010	30	БИБЛИОТЕКИ И ЧИТАЛНИ ВО КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ КНИГИ ОД ПРОЕКТОТ 1000 книги, МОН
2	Актуелни закони и подзаконски акти од областа на здравството и фармацијата; Службен весник на РСМ. 2023		Pdf достапна
3	Фити, Т., Филиповски, В.,Трпески, П., Ташевска, Б. Економија . Економски факултет – Скопје. 2022 Репринт 2023	30	Библиотека на Економски факултет Универзитет „Св.Кирил и Методиј“
4	Менкју, Г. Принципи на економијата (превод) . Нампрес, Скопје.2009	30	БИБЛИОТЕКИ И ЧИТАЛНИ ВО КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ КНИГИ ОД ПРОЕКТОТ 1000 книги, МОН
5	Joan Gratto Liebler, Charles R. McConnell. Management Principles for Health Professionals 8th Edition. John Bartlet Learning.2021		Pdf достапна
6	John D. Blair , Myron D. Fottler, et al. Advances in Health Care Management. Emerald Publ. Limited.2020		Pdf достапна
7	Sharon B. Buchbinder, Nancy H. Shanks, Dale Buchbinder, Bobbie J Kite. Cases in Health Care Management, 2nd Edition. John Bartlet Learning.2023		Pdf достапна
8	Min Ding, Jehoshua Eliashberg, Stefan Stremersch. Innovation and Marketing in the Pharmaceutical Industry: Emerging Practices, Research, and Policies. Springer.2014		Pdf достапна
9	Andrew M. Peterson, William N. Kelly. Leadership and Management in Pharmacy Practice. CRC Press.2015		Pdf достапна
10	Ajoy S Joseph. Pharmaceutical Management and Marketing. CBS Publishers. 2021		Pdf достапна
11	Brian L. Strom, Stephen E Kimmel Sean Hennessy. Pharmacoepidemiology (fifth edition). Pharmaceutical Press.2012		Pdf достапна
12	Donna West, Yi Yang, Donna West Strum. Understanding Pharmacoepidemiology. Lange.2009		Pdf достапна
13	Robert B. Volas, Nil Coxacy. Јавно здравство и превентивна медицина (Wallace/Maxcy		БИБЛИОТЕКИ И ЧИТАЛНИ ВО КОИ СЕ

[4] Во графата се пишува/се обележува вкупниот број на задолжителна и дополнителна литература за која единицата располага во електронска верзија, преку пристап до електронска библиотека

	-Rosenay-Last) . Табернакул.2010	30	ДОСТАВУВААТ КНИГИ ОД ПРОЕКТОТ 1000 книги
14	Pradelli, L., Wertheimer, A. Pharmacoeconomics. Principles and Practice. SEEd Medical Publishers.2022		Pdf достапна
15	Renee J. G. Arnold. Pharmacoeconomics From Theory to Practice, 2nd Edition. CRC Press.2021		Pdf достапна
16	Karen L. Rascati. Essentials of Pharmacoeconomics, 2nd Edition. Lippincott Williams & Wilkins.2013		Pdf достапна
17	Drummond MF, Sculpher MJ, Claxton K, Stoddard GL, Torrance GW. Methods for the economic evaluation of health care programmes. 4th edition. Oxford University press, Oxford.2015		Pdf достапна
18	MA Hopkins MA Goeree. Health Technology Assessment 1st Edition. CRC Press.2021		Pdf достапна
19	Valentina Beretta .Development and Implementation of Health Technology Assessment Turning Knowledge into Action. Springer Cham,2021		Pdf достапна
20	E del Llano-Señarís. Health Technology Assessment and Health Policy Today: A Multifaceted View of their Unstable Crossroads. Adis.2015		Pdf достапна
21	Д-р Александар Наумоски. Менаџмент на ризик (учебно помагало).2016	30	Библиотека на Економски факултет Универзитет „Св.Кирил и Методиј“
22	Ефтимов Љупчо. *Менаџмент на перформанси.* учебно помагало. Економски факултет-Скопје.2018	30	Библиотека на Економски факултет Универзитет „Св.Кирил и Методиј“
23	Bourne, M., Bourne, P. *Handbook of Corporate Performance management.* John Wiley and Sons, Ltd. U.K.,2011.		Pdf достапна
24	Emmett J. Vaughan, Therese Vaughan. Fundamentals of Risk and Insurance (10/ed), Inc. John Wiley & Sons.2009		Pdf достапна
25	Theodore H. Tulchinski,Elena A. Varavikova, Matan J. Cohen. The new public health, 4th edition. Academic Press.2023		Pdf достапна
26	Thomas Rice. Health Insurance Systems An International Comparison. Elsevier Science.2021		Pdf достапна
27	Pablo Enrique Gottret, William D. Savedoff. Governing Mandatory Health Insurance Learning from Experience. World Bank.2008		Pdf достапна
28	Richard E. Ashcroft, Angus Dawson, Heather Draper, John R. McMilla. Principles of Health Care Ethics. Wiley.2016		Pdf достапна
29	Eike-Henner W. Kluge. The Right to Health Care: Ethical Considerations. Springer.2022		Pdf достапна

30	Annabel Nixon, Diane Wild, Willie Muehlhausen. Patient reported Outcomes: An overview. SEEd medical Publishers.2016		Pdf достапна
31	David Cella, Elizabeth Hahn, Sally Jensen et al., Patient-Reported Outcomes in Performance Measurement. RTI Press.2015		Pdf достапна
32	Crawford, M. and Di Benedetto, A. New Product Management. McGraw Hill.2014		Pdf достапна
33	Trott, P. Innovation Management and New Product Development. Pearson.2016		Pdf достапна
34	Keller, K.L and Swaminathan, V. Strategic Brand Management. Pearson.2019		Pdf достапна
35	De Pelsmacker, P., Geuens, M. and Van den Bergh, J. *Marketing Communications: European perspective.* Prentice Hall.2007		Pdf достапна
36	Belch, G.E. and Belch M.A. *Advertising and Promotion.* McGraw-Hill.2017		Pdf достапна
37	Blocher, E. J., Juras, P. .Cost Management (ninth edition). McGraw.2021		Pdf достапна
38	Ј. Бригам и Ф. Дејвис. Средно ниво на финансиски менаџмент. АРС Ламина, превод на 10то издание. 2014		Pdf достапна
39	Block. S, G. Hirt, B. Danielsen. Foundations of Financial Management, 18 ed. McGraw-Hill.2022		Pdf достапна
40	Zubin Austin. Human Resource Management in Pharmacy: Managing and Motivating Staff to Excel, American Pharmacists Association.2022		Pdf достапна
41	Raymond A. Noe, John R. Hollenbeck, Barry Gerhart, Patrick M. Wright. Fundamentals of human resource management, 8th ed. McGraw-Hill Education, New York, US.2019		Pdf достапна
43	Бојациоски Димитар, Ефтимов Љупчо .Менаџмент на човечки ресурси. Економски факултет-Скопје.2009	30	Библиотека на Економски факултет Универзитет „Св.Кирил и Методиј“
44	Tim J. Smith. Pricing Strategy: Settings price levels, Managing price discounts and Establishing Price 32Structure. South-Western Cengage Le33arning.2012		Pdf достапна
45	Thom34as T. Nagle, John E. Hogan and Joseph Zale. The strategy and tactics of pricing - A guide to growing more profitably, 5th edition. Prentice Hall Marketing Series.2011		Pdf достапна
46	WHO. WHO guideline on country pharmaceutical pricing policies. Latest edition		Pdf достапна
47	Влада на Р.С. Македонија. Методологија на начинот на формирање на цените, Последна верзија		Pdf достапна
48	Фонд за здравствено осигурување на Македонија. Правилник за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови Последна верзија		Pdf достапна
49	Службен весник на РСМ. Закон за лековите и медицинските средства, последна верзија		Pdf достапна
50	Harry Yang, Binbing Yu. Real-World Evidence in Drug Development and Evaluation (Chapman &		Pdf достапна

	Hall/CRC Biostatistics Series) 1st Edition. Chapman and Hall/CRC.2021		
51	Sunil Dravida, Abhishek Dabral, Jugal Sharma. Real-World Evidence in the Pharmaceutical Landscape . Gatekeeper Press.2021		Pdf достапна
52	Brian L. Strom, Stephen E Kimmel Sean Hennessy. Pharmacoepidemiology (sixth edition). 2 John Wiley & Sons Ltd. 2020		Pdf достапна
53	Stacey J. Ackerman, Marilyn Dix Smith, Jenifer Ehreth, Randa Eldessouki, Erin Sullivan . Therapeutic and Diagnostic Devices Outcomes Research. International Society for Pharmacoeconomics and Outcomes Research.2021		Pdf достапна
54	Carlo Boccato, Sergio Cerutti, Joerg Vienken. Medical Devices Improving Health Care Through a Multidisciplinary Approach. Springer Cham.2022		Pdf достапна
55	Peter J. Ogrodnik. Medical Device Design: Innovation from Concept to Market 2nd edition. Academic Press.2019		Pdf достапна
56	Patricia M. Danzon, Sean Nicholson The Oxford Handbook of the Economics of the Biopharmaceutical Industry. Oxford University Press.2012		Pdf достапна
57	Anthony J. Culyer, Ole F. Norheim, Richard Cookson, Susan Griffin. Distributional Cost-Effectiveness Analysis Quantifying Health Equity Impacts and Trade-Offs. Oxford University Press.2020		Pdf достапна
58	Josephine Mauskopf, Stephanie R. Earnshaw, Anita Brogan, Sorrel Wolowacz, Thor-Henrik Brodtkorb. Budget-Impact Analysis of Health Care Interventions. Springer International Publishing. 2017		Pdf достапна
